Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1011/1 од 07.03.2024 година, оформен по сопствена иницијатива, а во врска со сомневања за незаконитости и прекршувања на законските прописи за време на изборниот процес во 2024 година од страна директор на Јавната установа ------------ ------------ ---------- Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1011/1 од 07.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

ДКСК на состанок на колегиум одржан на ден 04.03.2024 година донесе заклучок да се оформи предмет по сопствена иницијатива, врз основа на сознанија добиени во медиумите, а во врска со сомневања за незаконитости и прекршувања на законските прописи за време на изборниот процес во 2024 година од страна на ---------- -------------, директор на Јавната установа ------------ ------------ ---------- Скопје, по што е оформен и предмет број 12-1011/1 од 07.03.2024 година.

Предметните наводи се однесуваат на тоа дека донесена е одлука од страна на директорот на Јавната установа ------------ ------------ ---------- Скопје (понатаму: ------), ----------------, со која на 30 (триесет) лица ангажирани со договор на дело не им се продолжени договорите за работа, при што посочено е дека ваквото постапување на директорот на

оваа установа е поради одредбите од член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, каде е уредено: *„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје* ***не може да се започне постапка за вработување на нови лица*** *или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“*

Во насока на утврдување на фактичката состојба, Државната комисија побара од Јавната установа да ја достави целокупната документација по однос на 30-те лица на кои не им биле подолжени договорите за работа,

Од увидот во документацијата, ДКСК ја утврди следната состојба:
Јавната установа ------ Скопје на ден 27.10.2023 година до Град Скопје доставила предлог проекти / програми во рамки на отворениот повик за Предлог програми, проекти и манифестации во областа на културата од јавен интерес за Град Скопје за 2024 година, со вкупно 17 проекти предвидени за реализација во текот на 2024 година, по кој добиен е одговор од Град Скопје на ден 13.02.2024 година.
Финансискиот план за користење и распоредување на средства за 2024 година за вршење на редовни функции на сметката за самофинансирање активности на ЈУ ------ Скопје, е усвоен со Одлука со број ---------- од 15.02.2024 година. Во опфат на истата предвидени се расходи за други договорни услуги во вкупен износ од 18.000.000 денари.
Врз основа на член 26 точка 1 и точка 8 од Статутот Јавната установа ------ Скопје, од страна на директорот донесен е Правилник за утврдување на износите на надоместоците кои ќе се исплаќаат за извршените услуги на лицата ангажирани заради непречено функционирање и реализација на активностите и настаните од планираните проекти во установата.
Јавната установа ------ има склучено 30 (триесет) договори од кои 25 (дваесет и пет) договори за дело и 5 (пет) авторски договори.
Од склучените договори на дело, 14 (четиринаесет) се однесуваат на работни задачи за вршење на угостителски услуги, додека останатите се однесуваат на услуги за контролирање на хигиена во просториите на установата, давање на информации на надворешни лица при влез во установата, координирање на активностите поврзани со тековното одржување и функционирање на институцијата, помош при активности во ----------------, активности за споредување и емитување на кино проекциите во

установата, промоција на социјалните мрежи и уредување на веб страната, реализација на активностите и програмите во ---------- ----------- ----------, стручна помош и правни совети со примена на прописите кои се однесуваат на работата на установата, како и реализација на програмските активности.
Авторските договори се однесуваат на услуги за водење и предавање на ------------- --------------- во рамките на ---------- ----------- ----------, вршење на предавања од областа на општата ----------------- во ------------------, реализација на активности во работилницата во рамките на ----------- студио при ---------- ----------- ----------, како и предавања во ---------------- студио.
Договорите за дело и авторски договори се склучени за времетраење од 1 (еден) месец и тоа за периодот од 01.02.2024 година и се со времетрање заклучно со 29.02.2024 година.

Согласно наведеното, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за незаконитости во предметниот случај, не се потврдуваат од причина што во случајот не се работи за престанок на работен однос, уредено во член 8-а став (1) алинеа 3 од Изборниот законик каде се утврдени недозволените активности на државните и јавните институции во РСМ по донесувањето на Решение за распишување на изборен процес односно, е уредена забраната за започнување со постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен, а започнатите постапки треба да бидат ставени во мирување.
Во предметниот случај сите договори кои се опфат во овој оформен предмет биле склучени за определен временски период односно во времетраење од 01.02.2024 година заклучно со 29.02.2024 година и не се работи за прекин на наведените договори од причина што важноста на истите завршила заклучно со 29.02.2024 година.

Од горенаведеното ДКСК констатира дека во случајот со активностите превземени од страна на Директорот на ------, а кои беа опфатени во наводите објавени во медиумите, врз основа на кои Државната комисија го оформи овој предмет, не е сторена повреда на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ниту на член 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител
Одобрил: м-р. Ц.Р., Член на ДКСК